Република Северна МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

Врз основа на член 27 став 5 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РСМ" бр. 32/20 год.) Градоначалникот на општина Виница, објавува

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр. 01-1925/4
04.09.2023 год

С О О П Ш Т Е Н И Е

Се организира Јавна презентација и Јавна анкета на Нацрт- **Детален урбанистички план Блок 3, Општина Виница.**

Според определбите во постојниот ГУП, планскиот опфат кој е предмет на изработка на овој Детален урбанистички план е Блок 3, во град Виница. Планскиот опфат е помеѓу: Планскиот опфат е помеѓу:ул.Илинденска, дел од новопланирана улица 2003 и дел од новопланирана улица 2001 – Општина Виница, плански период 2021-2026.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 33.01 ха.

Според определбите во постојниот ГУП, планскиот опфат кој е предмет на изработка на овој Детален урбанистички план е БЛОК 3 е со површина од 33,01 ха, во град Виница.Подрачјето на планскиот опфат се наоѓа во најсеверниот дел од градот, во зона со индустриски објекти, објекти за земјоделско производство и археолошки локалитет ,, Горица,,.

Во важечкиот ГУП за град Виница, предметниот плански опфат го опфаќа целиот Блок 3,во кои се предвидени следниве класи на намени:

- Г – производство, дистрибуција и сервиси, Г2, Г3, Г4, (Г5)
- Д – заштитно зеленило, Д2
- Е – инфраструктура, Е1
- АРХЕОЛОГИЈА – режим на заштита прв и втор степен

Нацрт – планот ќе биде изложен на:

- Излогот на Интернет клуб на Општина Виница, ул.Маршал Тито бр.13 и Огласната табла пред Општина Виница – Бел Камен бр.13 Виница.
- Времето на излагање на планот ќе трае 31 дена со почеток од 19.09.2023 год. до 19.10.2023 год.Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица своите забелешки, предлози и мислења можат да ги донесат на посебни анкетни листови (можат да добијат во Општински центар за услуги при општина Виница) и во елелтронска форма преку информацискиот систем е- урбанизам.За повеќе информации сите лица можат да се обратат во Одделението за урбанизам во просториите на Општина Виница.

Јавната презентација на Предлог планот ќе се одржи на ден **02.10.2023** год. со почеток во 12:30 часот во Салата за состаноци на четврти кат во зградата на Општина Виница.

ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Миле Петков

---------------------